Проектот е финансиран од ЕвропскатаУнија
Подгрант:„Бизнис План 2019 - 2020”
грант бр.:IPA/2017/392898

# АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБАТА НА ЖЕНИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ЗАДРУГИ

**Скопје, 2020 година**

# СОДРЖИНА:

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ........................................................................................................ 3

РЕЗИМЕ ........................................................................................................ 4

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ........................................................................................................ 5

ЗАДРУГАРСТВО И ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ ........................................................................................................ 6

ЗАКОНСКА РАМКА РЕЛЕВАНТНА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ........................................................8

ЖЕНИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ И ЖЕНСКИ ЗАДРУГИ...............................................................12

НАОДИ ОД ТЕРЕНСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ........................................................................................15

ПРЕПОРАКИ........................................................................................................25

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА/РЕФЕРЕНЦИ........................................................................................29

АНЕКС I АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК........................................................................................31

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ :

АПРЗ- Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството

АФПЗРР-Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (Платежна агенција)

БДП -Бруто домашен производ

ГО-Граѓанска организација

ЕУ-Европска Унија

ЗЗЗ-Закон за земјоделски задруги

ЗС -земјоделски стопанства

ИПАРД -Инструмент за претпристапна помош за руралниот развој

ИЛО- Меѓународна организација на трудот

МЗШВ-Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

НСЗРР-Национална стратегија за земјоделството и руралниот развој

НВО-Невладини организации

ОН-Обединети нации

ПА-Платежна агенција

ПФПРР-Програма за финансиска поддршка за рурален развој

ЗЗРР-Закон за земјоделство и рурален развој

ФАО-Организација за храна и земјоделство на Обединетите Нации

ЦОР- Цели за одржлив развој

## Резиме

Оваа анализа е изготвена во рамки на проектот ,,Бизнис План 2019-2020'' развиен врз основа на повик за поддршка на чадор организации во рамки на ЕУ проектот„Поддршка за развој на земјоделски задруги"спроведуван од Care Германија-Луксембург и Македонската развојна фондација за претпријатија – МРФП, а финансиран од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија. Периодот на имплементација на проекните активности во ,,Бизнис План 2019-2020" е 18 месеци.

Целта на институционалниот грант ,,Бизнис План 2019-2020'' е да придонесе кон градење на капацитетите и финансиска поддршка на Македонската Асоцијација на земјоделски задруги со цел придржување кон принципите на демократско владеење и функционална независност како и зајакнување на улогата за поддршка и развој на земјоделските задруги во земјата. Со проектот се очекува зајакнување на капацитетите на МАЗЗ, овозможување поддршка на земјоделските задруги, подобрување на застапувањето и лобирањето во интерес на промовирање на задругарството.

Целта на анализата подготвена во рамки на проектот е да даде преглед на застапеноста на жените во земјоделските задруги, препреките со кои се соочуваат и потребите во поглед на јакнење на капацитетите. Истата понатаму ќе помогне да се изработи стратешки план за организациски развој и нови програми во рамки на МАЗЗ.

Преку деск анализа на законската рамка за земјоделски задруги, останати релевантни стратегии и програми во областа на земјоделскиот и руралниот развој, како и преку прашалник изработен за спроведување на фокус групи со жени-членки на земјоделски задруги анализата дава одговор на прашањата за вклученоста и застапеноста на жените во членството, управувачките структури, потребите за едукација и обуки, запознаеноста со националните и европските програми за аплицирање и препреките со кои жените се соочуваат. Преку прашалникот, односно преку фокус групите со жените од земјоделските задруги, анализата дава јасна слика и конкретни информации за состојбата на терен врз основа на кои се даваат насоки за подготовка на конкретни препораки и сугестии до земјоделските задруги, како и до локалните и националните институции од областа на земјоделството и руралниот развој.

Анализата дава слика на родовата застапеност во земјоделските задруги-членки на МАЗЗ како и помага да се детектираат причините за ниската застапеност на жени во управувачките структури. Истовремено дава увид во познавањето на концептот на земјоделски задруги од страна на жените, достапните програми за аплицирање како и потребите на жените од континуирана надградба на знаењата и стручните и меки вештини, соработката помеѓу жените од различни задруги, вмрежувањето со земјоделски задруги од регионот и пренесување на позитивни искуства и практики. Анализата ја потенцира потребата од вклучување во задругите и задругите како движечка сила за економско зајакнување и економска независнот на жените од руралните средини. Истовремено ја нагласува и улогата на задругите и здружувањето на жените земјоделки во организирани форми со цел намалување на руралната сиромаштија и социјалната исклученост.

Изработената анализа ќе послужи како алатка за понатамошно застапување за потребите на жените во земјоделските задруги, потребите за измени и дополнувања на одредени законски регулативи, документи и стратегии како и за изработка на стратешки план и нови програми на организацијата. Заклучоците и препораките како завршен дел од овој извештај се дадени со цел подобрување на фактичката состојбата на жените-членки на земјоделските задруги-членки на МАЗЗ, заради неопходни позитивни промени за жените во земјоделството и руралниот развој со акцент на земјоделските задруги.

## Методолошки пристап

Анализата е спроведена врз основа на две димензии, примарна и секундарна. Прибирањето и анализата на примарните податоци од терен се базира на спроведени фокус групи реализирани според претходно подготвен прашалник. Секундарните податоци се добиени врз основа на анализа на законската рамка, програми, стратегии и претходни истражувања во за жените во земјоделските задруги на глобално ниво.
Фокус групите се спроведоа во 6 општини во државата (Свети Николе, Пробиштип, Струмица, Валандово, Гевгелија, Ресен). Со фокус групите беа опфатени (жени од) 12 села кои гравитираат во 6-те општини (с. Мустафино, Ерџелија, Ратавица, Бунеш, Горни Стубол, Брајковци, Петралинци, Куклиш, Миравци, Милетково, Баљинци, Царев Двор). Општините опфатени во анализата спаѓаат во различни плански региони, односно опфатени беа Источниот, Вардарскиот, Југоисточниот и Пелагонискиот плански регион. Две од учесничките во фокус групите се од Скопје. Фокус групите се спроведоа директно на терен со директен контакт со учесничките со почитување на мерките и препораките за заштита во време на ковид-19, односно со одржување на потребната физичка дистанца и носење на заштитна маска за време на одржување на фокус групите. Една фокус група се реализираше онлајн.
Во однос на родовата застапеност во фокус групите беа вклучени 25 жени и 4 мажи. Во однос на етничката застапеност најголем дел од учеснички беа од македонска етничка припадност и две од влашка етничка припадност. Најголем дел од жените учеснички во фокус групите се дел односно се членки на земјоделски задруги со цел да се добијат директни податоци за состојбата на жените во земјоделските задруги. Мал број од опфатените жени не беа директно вклучени во земјоделски задруги, односно на индиректен начин беа поврзани со задругите. Прашалникот беше претходно подготвен и структуриран во 4 дела со вкупно 50 прашања. Првиот дел од прашалникот е технички, односно се однесува на општи податоци како што се старосната структура, образованието, работниот статус. Вториот дел се однесува на членството во задругите, мотивација за членувањето, пречките со кои се соочуваат жените, начинот на комуникација односно проток на информации, застапеност во управувачки структури и соработка помеѓу задругите. Третиот дел се однесува на едукации, обуки и потреба од јакнење на капацитетите на жените-членки на земјоделските задруги. Четвртиот дел содржи прашања за информираноста за националните и европските програми за поддршка за земјоделските задруги како и сугестии и предлози од жените за подобрување на положбата и пристапноста на фондовите и поволностите за жените.

Најголем дел од испитаничките се во возрасната група од 51-64год. потоа следуваат оние во возрасната група од 41-50г. Во однос на нивото на образование најголем дел од нив се со средно образование (гимназија и/или средно стручно училиште), но исто така има и значителен број на жени со високо образование.

## Задругарство и Земјоделски задруги

Меѓународната Алијанса на задруги ги дефинира задругите како „автономни асоцијации на лица обединети доброволно да ги задоволат заедничките економски, социјални и културни потреби и аспирации преку заедничка сопственост и демократско контролирано претпријатие.'' Задругите се базираат на вредности како што се самопомош, самоодговорност, демократија, еднаквост, рамноправност и солидарност. Од друга страна пак, задругите во својата работа како и во односите меѓу членовите се должни да ги почитуваат 7-те приципи на доброволно и отворено членство, демократско владеење, економска партиципација на членовите, автономија и независност, обезбедување на обуки,едукации и информации за членството, соработка помеѓу задругите , грижа за заедницата и одржлив развој. Задругарските принципи се насоки преку кои задругите ги применуваат своите вредности во практика.[1]

Задругите за разлика од другите економски модели кои се насочени главно кон остварување на профит имаат поширок и поефективен вредносен систем. Истите се насочени кон поефективен локален развој, богатство на заедницата, социјално вклучување, отворање на работни места, економско јакнење на своите членови. Истовремено истите се многу поинклузивни во однос на опфат на членство отколку другите форми на економски модели без разлика дали станува збор за државни/владини или приватни економски модели. Задругите се склони да инвестираат и да ги поддржат свите членови преку образование и обуки. Истите согласно принципите се базираат на доброволно членство и на тој начин имаат потенцијал да вклучат поширок спектар на лица со различен профил. Европската Комисија смета дека ,,задругите се одличен пример за претпријатие кое се залага за остварување на претприемачки и општествени цели, а истовремено задругите се и поттикнувачи на вработувањето, општествената и социјалната интеграција, поттикнување на локалниот, регионалниот и земјоделскиот развој што значи дека не треба да се занемари социјалната димензија на задругите.''[2] Во Европската Унија околу 140 милиони луѓе се членови на задруги, и се проценува дека има околу 300.000 задруги кои обезбедуваат вработување за околу 2,3 милиони луѓе.

---

[1] Fiona Duguid and Nadya Weber, (International Co-operative Alliance, 2016) Gender equality and women's empowerment in co-operatives достапно на https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/womencoops-literature-review-1641374184.pdf

[2] Europen economic and social commitee,

https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2005:234:0001:0007:EN:PDF

На ниво на ЕУ, задругите се признати во посебен Договор за основање на Европската заедница. Европската комисија има единица одговорна за занаети, мали бизниси и задруги и посветува пособено внимание на овој вид здружување. Во 2014 е усвоен и Статутот за европска кооперативна заедница и Директива која го дополнува и засилува значењето на истиот. Во Европа, бројот на задругите на пример во Финска го надминува бројот на севкупната популација. Во Германија, 1,4 милиони луѓе се членови на земјоделски задруги. Во Италија во 2014 има регистрирано околу 6000 земјоделски задруги. Во глобални рамки, една милијарда луѓе ширум светот се членови на задруги, и истите обезбедуваат приход за егзистенција за околу 250 милиони луѓе. Задругите учествуваат со околу 4-40% во БДП на државите во зависнот од секторите. Една половина од храната во светот се произведува, преработува и / или се комерцијализира преку задруги. [3]

На Африканскиот континент околу 7% од вкупната популација членува во некој вид на задруга и бројот на новоформирани регистирани задруги се зголемува на дневно ниво. Најголем дел од нив се земјоделски и осигурителни и кредитни задруги. Само во Кенија на пример се проценува дека задругите вработуваат над 300,000 работници директно и генерираат 2 милиони работни места индиректно.[4]

Задругите не се хомогена група на претпријатија. Тие работат во сите сектори. Истите може да бидат еднонасочни или повеќенаменски и може да им служат исклучиво на нивните членови, но и на оние кои не се членови, како и на пошироката јавност. Постојат неколку видови на задруги: земјоделски, потрошувачки, работничко-произведувачки, станбени задруги, задруги за осигурување, кредитни или задружни банки, задруги за комунален развој. Во анализата акцентот ќе се стави на земјоделските задруги. Во светот постојат и женски задруги кои во членството имаат исклучиво жени и кои исто така може да бидат од различен вид.

Во Република Северна Македонија, задругите датираат од раните почетоци на 20-тиот век, а подемот го доживуваат по Втората светска војна со формирањето на земјоделските задруги. Зошто се потребни задруги во земјоделството? Поради традиционалните проблеми со откупот на земјоделските производи, ниските откупни цени, неисплаќање или премногу доцнење во исплаќањето на производите, поради расцепканоста на понудата и голем број на мали индивидуални земјоделци, поради потребата од заеднички настап пред локалните и националните власти, поради колективната свест за општо добро. Преку здружувањето во земјоделските задруги земјоделците се здобиваат со поголема моќ при преговарање и пласман на производите, поради заедничка набавка и помалите /пониските цени при заедничката набавка на потребните материјали за земјоделство, поради приципите на рамноправност и демократичност при донесување одлуки во распределба на остварениот профит кој се враќа на

[3] Investing in collective action:opportunities in agrifood cooperatives (FAO, Food and Agriculture, 2018) http://www.fao.org/3/ca1198en/CA1198EN.pdf
[4] Eva Majurin, (ILO, 2012) How women fare in East African cooperatives: the case of Kenya, Tanzania and Uganda, https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_735776.pdf

членовите, а не го максимизира самата задруга.[5] Поради економските бенефиции, можностите за стручна надградба во областа на земјоделството на членовите, но и проширување на останатите вештини како што се комуникациските, застапувањето и лобирањето. Задругите се привлечни затоа што можат да обезбедат некои видови на јавни добра и снабдување со услуги што пазарот честопати не е во можност да ги обезбеди. Задругарстово е најбрз и најповолен начин за окрупнување на парцелите.

Земјоделските задруги се важни во глобални рамки во остварување на Целите за одржлив развој посебно целта бр. 2-Ставање крај на гладта, постигнување на безбедност на храна, подобрена исхрана и промовирање на одржливо земјоделство како и целта бр. 1-Ставање крај на сиромаштијата во сите нејзини форми и насекаде. Во рамки на втората цел како подцели се удвојувањето на продуктивноста во земјоделството и приходите на малите производители на храна, а особено на жените и семејните земјоделски стопанства. Во рамките на оваа цел се предвидува до 2030 да се осигураат одржливи системи за производство на храна и спроведување на прилагодливи земјоделски практики кои ја зголемуваат продуктивноста и прозиводството. Истата предвидува и зголемување на инвестициите, подобрување на руралната инфраструктура и истражувања во земјоделството.[6] Истражувањата укажуваат на тоа дека земјоделските задруги во глобални рамки се важни и за затворање на родовиот јаз во пристапот на ресурси како што се имот и земјиште, односно сопственост на имот и земјиште од страна на жените. Исто така истите придонесуваат и за јакнење на капацитетите на жените во претприемачките вештини, вештините за менаџирање и застапување на интересите на жените од руралните области пред локалните и националните власти.

Постојат неколку типови задруги во земјоделството како што се : маркетинг задруга, задруга за набавка, услужна задруга. Земјоделските задруги како и останатите задруги имаат цели, управувачки структури и од аспект на стекнување статус на правно лице нема некои позначителни разлики помеѓу земјоделските задруги и другите видови задруги. Сите членови пристапуваат на доброволна база и важи принципот ,,еден член-еден глас’’ и започнуваат со работа штом се регистрирани како правен субјект во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

## Законска рамка релевантна за земјоделски задруги

Релевантната тековна законска регулаива која ги засега земјоделските задруги се состои од неколку закони вклучувајќи ги пред се :

- Законот за задругите
- Законот за земјоделски задруги

[5] Земјоделски задруги, можности и предизвици, трета работна сесија, https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2018/12/RG1-RS3-Zemjodelski-zadrugi-MK.pdf
[6] Цели за одржлив развој, https://konekt.org.mk/klub-na-odgovorni-biznisi/united-nations-global-compact/sdgs-and-10-principles/celi-na-odrzhliv-razvoj/

- Законот за земјоделство и рурален развој

**Законот за задругите** ги уредува условите, начинот и постапката за основање, регистрација, работење, надзор над работењето, како и престанокот на задругите. Одредбите од Законот се применуваат и на земјоделски задруги основани согласно со посебниот закон за земјоделски задруги, доколку не е поинаку уредено со други закони. Законот за задругите е lex generalis во областа на здружувањето и сите други закони, вклучувајќи го и Законот за земјоделски задруги, кои треба да бидат во согласност со него.

Првично Законот за задругите е донесен во 2002 година. Во 2005 год. претпрел една незначителна измена која не предизвикала крупни промени. Со него се регулира правната дефиниција за задруга, се дефинира бројот на лица-физички или правни кои можат да основаат задруга, се утврдува постапката за основање која е речиси идентична со останатите трговски друштва. Со Законот се регулира и распределбата на профитот меѓу членовите како и управувачките тела на задругата. Исто така со Законот се дефинираат и причините за престанок на работата.[7]

**Законот за земјоделски задруги** е донесен во 2013 година како посебен правен акт за задруги во земјоделскиот сектор. Со Законот се уредува регистрацијата на задругите во регистарот воспоставен од страна на МЗШВ, условите, начинот и постапката за основање, регистрација, работење, видот и обемот на земјоделските задруги и содржи одредби за развојот на земјоделските задруги, како и за надзорот над работата на задругите. Од 2013, па се до сега Законот има претрпено неколку измени и надополнувања во 2015 и 2016 год. Усвојувањето на овој Закон е многу важно од аспект на регулирање на работата на земјоделските задруги и подобро позиционирање на самите земјоделски работници. Законот ги дефинира дејностите на земјоделските задруги, условите и критериумите за основање, а согласно на тоа се одредува и обемот на земјоделските задруги. Задругите се евидентираат во Регистарот на земјоделски задруги од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Согласно Законот, земјоделска задруга може да формираат најмалку 10 земјоделски стопанства. Секое засебно земјоделско стопанство може да членува во повеќе земјоделски задруги. Важно е да се напомене дека едно земјоделско стопанство не смее да поседува повеќе од 30% од производствените капацитети на задругата (чл.7) Во зависност од бројот на членовите и производните капацитети на земјоделската задруга истите се класифицираат како задруги од мал и голем обем. Земјоделските задруги согласно овој закон и Законот за земјоделство и рурален развој имаат право на финансиска поддршка од страна на државата. Земјоделските задруги од голем обем можат да добијат и финансиска поддршка за ангажирање на лице од областа на земјоделските науки и ветерина. Задругите се должни да водат евиденција на своите членови и на производствените капацитети на членовите и на задругата.

Како посебна компонента од проектот „Поддршка за развој земјоделски задруги", спроведуван од CARE Германија, Луксембург и Македонската развојна фондација за претпријатија, финансиран од Европската Унија беше спроведување на анализа на законската рамка на земјоделски задруги кои укажаа на потребата од подготовка и усвојување на нов Закон за задруги. Беше констатирано дека Законот за земјоделски задруги од 2013 год. согласно

---

[7]М. Краљевски, Работнички кооперативи – „Социјалистички острови" во капиталистичкото море (Скопје, 2014), https://solidarnostblog.wordpress.com/2014/05/07/rabotnichki-kooperativi/

направените анализи не ги задоволува критериумите на закон и утврдена е потреба од креирање на нов закон во согласност со европските практики. За таа цел во рамки на проектот е формирана работна група со учество на клучни актери од областа на земјоделството и руралниот развој која предложи решенија за донесување на нов, современ закон кој ќе ги опфати сите типови на задруги. Едно од предложените решенија е општото економско здружување на сите групи на граѓани вклучително и земјоделците да биде регулирано со Законот за задруги, а финансиската поддршка за земјоделските задруги да биде регулирана во Законот за земјоделство и рурален развој. На нацрт Законот за задруги му претходеа неколку јавни дебати со цел транспарентен и партиципативен процес. Во Законот се направени следните промени :

1. Дефиницијата за задруги е усогласена со Одлуката на Советот на ЕУ и Препораката 193 на Меѓународната организација на трудот (ИЛО);

2. 7-те задружни принципи се инкорпорирани во Законот;

3. Регистрацијата ќе се врши во Централниот регистар;

4. Ревизијата на задругите која претходно беше задолжителна согласно Законот за земјоделски задруги од 2013 год. сега не е обврзувачка и оставен е простор на секоја задруга да одлучи преку интерен статут дали ќе врши ревизија или не ;

5. Воведена е социјална ревизија на годишно ниво која е предвидена да се прави од страна на Одделението за земјоделски задруги при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

6. МЗШВ е задолжено за водење регистар на земјоделски задруги, а за останатиот тип задруги задолжено е Министерството за економија;

7. Во Законот за задруги дефинирани се раководните органи. Правата и обврските на органите се дефинирани во Статутот на задругата;

8. Минималниот број на членови е зголемен од 3 на 5 члена со цел демократско управуваење со задругата; [8]

Преку овој Закон се очекува да се зголемат придобивките како за членовите на задругите така и за корисниците на активностите на задругите. Во исто време се очекува овој закон да овозможи основање на повеќе нови задруги од различни сектори како и да влијае на зголемување на бројот на работните места и намалување на стапката на невработеност во земјата.

Нацрт Законот за задруги од август 2019 год. е поставен на ЕНЕР, а со негово одобрување ќе престане да важи Законот за земјоделски задруги.

[8] Нацрт Извештај за проценка на влијанието на регулативата Закон за задругите , достапен на https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=54545

**Законот за земјоделство и рурален развој** е основниот закон во земјоделскиот сектор и е усогласен со европското законодавство. Законот ги утврдува националните стратешки цели и ги

дефинира политиките кои треба да се искористат за нивно постигнување. Овие политики се утврдени како директни плаќања, рурален развој и организација на земјоделски пазари, како и соодветната политика на државна помош. Законот го уредува циклусот на политиките за земјоделство и рурален развој, вклучувајќи планирање, следење и оценување на политиките. Понатаму ги пропишува и деталите за спроведување на директна поддршка, односно административните и контролни системи и процедури. Тој претставува сеопфатна законска рамка, бидејќи ги опфаќа прашањата во врска со организацијата, функциите , признавањето и поддршката на разни форми на лица и асоцијации на земјоделски производители. Земјоделските задруги се признати како подоби корисници и можат да добијат поддршка, исто како и другите форми на економски здруженија.

**Поддршка за функционирање и финансирање на земјоделските задруги**

Поддршка за формирање и фунцкионирање на земјоделските задруги е воспоставена во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој континуирано од 2011 год., а од 2013 со донесувањето на Законот за земјоделски задруги обезбедено е дополнително проширување на поддршката. Во однос на финансирањето, земјоделските задруги можат да добијат средства и преку Програмата за рурален развој конкретно преку мерката 131 за економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност каде што средствата се намените за воспоставување на задруги во тековната година и одржување на работата на веќе воспоставените задруги. Преку потточки се дефинира што се поддржува и кои се прифатливите трошоци. Се дефинираат и критериумите и бодовите како и потребните документи за пријавување. Земјоделските задруги можат да се финансираат и поддржат и преку ИПАРД програмата односно во моментот актуелната ИПАРД 2 (2014-2020) која претставува пристап до фондовите на Европската Унија намените за одржливо земјоделство и рурален развој. Во ИПАРД 2 програмата се предвидени 5 мерки: Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства, Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи, Диверзификација на фарма и развој на бизнисот, Техничка помош и Инвестиции во руралната јавна инфраструктура. Земјоделските задруги можат да аплицираат и да бидат корисници на 3 од петте мерки, односно не можат да аплицираат и бидат корисници на мерките Техничка помош и Инвестиции во јавната инфраструктура.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020) предвидува во рамки на своите активности односно во рамки на активностите предвидени во Оперативниот план: поттикнување на процесот на пазарно здружување на земјоделците во земјоделски задруги, отстранување на правните и административните пречки за функционирање на задругите како и воспоставување на постојан систем за обука на менаџери на земјоделските задруги. Како

активности и индикатори се споменуваат и посети на функционални задруги, поддршка за формирање задруги за одредени подсектори заради групирање на малите производители.[9]

Поддршката за формирање и функционирање на земјоделските задругите се зголемува и преку одредени проекти финансирани од Европската Унија како што е преку проектот „Подршка за развој на земјоделските задруги во Република Северна Македонија,"спроведуван од проектот на ЦАРЕ (CARE) и Македонската развојна фондација за претпријатија. Поддршката за формирање и функционирања на земјоделските задруги во последните години се зголемува и тие остануваат како сериозен предизвик пред македонското општество.

Во 2016 год. во државата се регистирани 32 земјоделски задруги од кои 7 од голем обем и 25 од помал обем. Во 2018 год. пак во државата се регистрирани 37 земјоделски задруги од кои 6 се од голем обем односно со повеќе од 20 членки, додека пак 31 биле со мал обем, односно до 19 членки. Во 2019 год. во Регистарот на земјоделски задруги регистрирани се 54 задруги. Родовата застапеност е загрижувачка, односно согласно последните податоци 16% се жени, додека пак 7% се млади.[10] Како за илустрација во Италија, 50% од членките во земјоделските задруги се жени.

## Жени во земјоделските задруги и женски задруги

Дали задругите се добра организациска структура за поттикнување и поддршка на родовата еднаквост и зајакнување на жените? Постои перцепција дека задругите како форма на здружување треба да постигнат и постигнуваат родова еднаквост токму затоа што како принципи во својата работа ги имаат демократско владеење, автономија и независност, а од друга страна пак се базираат на вредности како што се демократија, еднаквост, рамноправност и солидарност. Грижата за другите, отвореното и доброволно членство, загриженоста за заедницата ги става задругите во позиција која треба да обезбеди и промовира родова еднаквост. Но, практиката и искуството во глобални рамки укажуваат дека нема силна поврзаност и синергија помеѓу учеството на жените во земјоделските задруги, нивното зајакнување и лидерство затоа што и задругите како и другите форми на економски модели многу често ги рефлектираат истите односи на моќ во општеството, односно поголема видливост и слушање на гласот на мажите, доминирање на мажите во управувачките и лидерските структури. Во глобални рамки може да се забележи постојан пораст на жените во тнр. номинална партиципација во задругите, односно како членки во задругите од секаков тип, додека пак од друга страна тнр. интерактивна партиципација (да се слушне гласот и да се има

[9] Национална стратегија за земјоделство и рурален развој (2014-2020), достапна на http://arhiva.mzsv.gov.mk/NSZRR%202014-2020.pdf

[10] 24 Инфо, Во структурата на земјоделските задруги само 7 отсто млади и 16 проценти жени, достапно на https://24info.mk/%D0%B2%D0%BE-%D1%81%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BA%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B7%D0%B5%D0%BC%D1%98%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D1%81%D0%BA%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B7%D0%B0%D0%B4%D1%80/

влијание во донесувањето одлуки) сѐ уште е ниска во голем број земји во светот. Зголемувањето на бројот на жени во задругите и пред сѐ нивната партиципација во менаџерските и лидерските структури помага да се намали јазот помеѓу мажите и жените во пристапот до ресурси , помага да се намали сиромаштијата, да се зголеми приходот, социјално да се интегрираат сите кои можат да дадат свој придонес за доброто на локалната заедница и пошироко. Вклучувањето на жените во задругите значи позитивно влијание на економската партиципација на жените, економското и социјалното зајакнување, вклучување на жените на пазарот на трудот и формалната економија. Покрај ова задругите со вклучување на жените во своето членство и во номиналната и во интерактивната партиципација ќе придонесат за поголем пристап на жените до вештини и знаење за економските активности, а соодветно на тоа и до, поголем економски развој во локалните заедници, зголемено ниво на партиципативна демократија. Меѓународната организација на Трудот во Препораката за задруги од 2002 год. јасно укажува дека треба да се посвети посебно внимание на зголеменото учество на жените во кооперативното движење на сите нивоа, особено на ниво на управување и лидерство.[11]

Во глобални рамки во пораст е основањето и функционирањето на женски задруги, меѓу нив и женски земјоделски задруги. Практиката и искуството од земјите покажува дека овие задруги каде членуваат исклучиво жени се ,,помали во однос на капиталот, членството и волуменот на деловно работење, честопати сконцентрирани во секторите доминирани од жени (а, во некои случаи и сектори кои многу помалку се вреднувани) и генерално помалку добро се поврзани со кооперативните синдикати, федерации и други структури за поддршка."[12] Примарната цел на овие задруги е да го поддржат и зголемат учеството на жените на пазарот на трудот и формалната економија. Женските задруги како што нагласува Меѓународната организација на трудот ,,можат да помогнат во надминување на социјалните/општествените и културните ограничувања што инаку може да го ограничат учеството на жените на работното место.’’[13] Од друга страна женските задруги во земјоделствотоо се исто така многу важни имајќи предвид дека најголем дел од луѓето кои живеат во сиромаштија во светски рамки живеат во рурални области и статистички најголем дел од нив се жени. Имајќи предвид дека жените претставуват 43% од работната сила во земјоделските сектори во земјите со ниски и средни приходи и 70% од работната сила во земјоделството во земјите во развој, важно е да се поддржат овие женски земјоделски задруги. Истите посебно во земјите во развој имаат голем удел во обезбедување одржлив развој и клучна улога во искоренување на гладта и обезбедување на сигурен пристап до храна. Овие задруги во глобални рамки се важни и од аспект на остварување на целта бр. 5 за одржлив развој -Родова еднаквост, преку зголемување на пристапот на жените до ресурси и економски можности како и до еднакви права во пристапот до земјиште, природни ресурси и други форми на сопственост.

[11] R193 - Promotion of Cooperatives Recommendation, 2002 (No. 193) достапно на https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:R193

[12] Fiona Duguid and Nadya Weber, (International Co-operative Alliance, 2016) Gender equality and women’s empowerment in co-operatives достапно на https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/womencoops-literature-review-1641374184.pdf

[13] ILO, Leveraging the cooperative advantage for women’s empowernment and gender equality, https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_307217.pdf

Сепак во светски рамки поголемо е учеството на жените во потрошувачките задруги споредено со земјоделските иако земјоделството постепено станува се повеќе феминизирано односно бројот на жени кои се занимаваат со земјоделство постепено го надминува бројот на мажи кои се занимаваат со земјоделство. Соодветно на тоа теоретски се очекува членството на жени во земјоделски задруги да се зголемува пропорционално. Во светски рамки задругите во кои членуваат само жени честопати обезбедуваат и други услуги со цел олеснување и овозможување на поактивно вклучување на жените во земјоделските и другите типови задруги. Од другите услуги кои ги обезбедуваат најчесто тоа се сервиси за чување и/или дневен престој на децата и згрижување на постарите и лицата со хендикеп.

**Студии на случај-Позитивни искуства**

Една од најпознатите и науспешни примери е задругата на самовработени жени -SEWA во Индија. Истата е основана во 1972 и денес организира речиси 1,6 милиони жени во локални задруги давајќи им можност да излезат од сиромаштија и да обезбедат достоинствен приход. Истовремено покрај работа задругата на жените им овозможува и други сервиси/услуги како што се храна, здравствена заштита, грижа за децата и засолниште за оние кои немаат адекватен дом, пристап до банкарски услуги и заштеди бидејќи самата задруга има основано и банка. Банката исто така дава кредити и заеми за претприемништво како и обезбедува и микрокредитирање и микрофинансирање. Покрај овие услуги задругата им нуди на жените кои се во длабока сиромаштија и тренинзи и обуки од областа на маркетингот, комуникациски вештини, зголемување на самодовербата, часови за описменување за оние кои се неписмени. Најголем дел од членките се најсиромашните жени од руралните области кои многу често се изолирани и маргинализирани во општествоо. Како организациски модел ги зближува жените од најниската класа, ја зголемува нивната самодоверба, продуктивност, економската активност. Истата лобира пред националните власти за сите проблеми и прашања за сиромашните жени од руралните средини.[14]

Како позитивен пример е и задругата за производството, преработка, продажба и маркетинг на пастеризирано млеко и млечни производи формирана од жени во руралните средини во Авганистан. Жените земјоделки од руралните области во Авганистан се организирале и формирале задруга која се состои од синџир на млечни производи. На почетокот кога е формирана не е базирана на родова анализа, проценка и стратегија туку едноставно се засновала на познавање на улогите и одговорностите на жените и мажите во секторот за добиток. Жените-производителки на млеко биле во можност да задржат, да управуваат со и да трошат скоро 90% од приходите од продажба на млекото. Задругата во соработка со синдикатот нудела можност жените да го продаваат млекото на село и да добиваат неделен приход од продажбата. Од друга страна жените добивале обуки и советодавни услуги со цел да се обучат како да ги подобрат условите за одгледување на добитокот, храењето, одгледувањето на млечните крави. На пример, една жена кој продавала 15 литри на ден, генерирала месечен приход од 140 долари, што за руралните делови на Авганистан е значителен приход.

[14]SEWA http://www.sewa.org/

Дополнителна придобивка за жените е што добитокот со подобро хранење произведувал повеќе измет, што се користи како ѓубриво за земјоделските култури и што е најважно, како замена за огревно дрво, со што се намалувала потрошувачката на дрво и обемот на работа и ризиците за жените кои го вршеле најголемиот дел од работата поврзана со собирање и пронаоѓање на огревно дрво. Обуките за жените кои биле организирани од страна на самата задруга биле клучни за јакнењето на жените бидејќи, покрај подобрување на способностите за грижа за добитокот, тие учеле и други вештини што им овозможувале подобро да се грижат за себе и за своите семејства. Како резултат на тоа, нивната моќ за договарање и преговарање во домаќинството и заедницата е подобрена, како и нивната способност да менаџираат со домашниот буџет и да го распределуваат за приоритетни потреби како што се подобро образование за децата, подобра исхрана и пристап до здравствени услуги за семејството. Благодарение на обуките, жените исто така ја подобриле социјалната интеракција и инклузија во локалната заедница. [15] Во Турција женските задруги за прв пат се основани во 1999 година. Оттогаш, малите задруги-повеќето имаат помалку од 25 члена се создадени од жени за жени со цел да си овозможат едни на други да основаат свои бизниси и да спроведуваат економски активности. Меѓу главните причини зошто жените започнуваат кооперативи во Турција се да обезбедат работни места, да се зајакнат социјално и да најдат заеднички решенија за предизвиците.[16]

## Наоди од теренско истражување

Целта на анализата е да обезбеди релевантни информации и да даде преглед за застапеноста на жените во земјоделските задруги, препреките и предизвиците со кои се соочуваат, потребите за обуки, понатамошен развој и градење на капацитетите, како и информираноста за постоечките фондови за апликација. Наодите од анализата ќе послужат како алатка за понатамошно застапување за потребите на жените во земјоделските задруги, потребите за измени и дополнувања на одредени законски регулативи, документи и стратегии како и за изработка на стратешки план и нови програми на Македонската асоцијација на земјоделски задруги.

Методолошкиот пристап вклучува прибирање на примарни и секундарни податоци. Примарното прибирање на податоци се состоеше од спроведување на 6 фокус групи со жени-членки на земјоделски задруги. Фокус групите се реализираа врз основа на претходно подготвен прашалник составен од 50 прашања структурирани во 4 тематски области. Првиот дел содржи општи информации, вториот дел се однесува на членството во задругите, застапеност на жените во управувачки структури и мотивација за членувањето, начинот на комуникација односно проток на информации во задругите како и соработката помеѓу задругите. Третиот дел

[15] F. Duguid and H.Weber, (ІЦА 2016) Gender equality and women's empowerment in co-operatives, https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/womencoops-literature-review-1641374184.pdf
[16] F. Duguid; G. Durutas, M. Wodzicki, THE CURRENT STATE OF WOMEN'S CO-OPERATIVES IN TURKEY (World Bank, 2015) http://documents1.worldbank.org/curated/en/683371485321510204/pdf/112242-WP-PUBLIC-Rapor-ENG.pdf

се однесува на едукации, обуки и потреба од јакнење на капацитетите на жените. Додека, пак четвртиот дел содржи прашања за информираноста за националните и европските програми за поддршка за земјоделските задруги како и сугестии и предлози од жените за подобрување на положбата, пристапноста на фондовите и поволностите за жените.

Фокус групите се спроведоа во 6 општини во државата (Свети Николе, Пробиштип, Струмица, Валандово, Гевгелија, Ресен). Со фокус групите беа опфатени жени од 12 села кои гравитираат во 6-те општини (с.Мустафино, Ерџелија, Ратавица, Бунеш, Горни Стубол, Брајковци, Петралинци, Куклиш, Миравци, Милетково, Баљинци, Царев Двор). Општините опфатени во анализата спаѓаат во различни плански региони во државата, односно опфатени беа Источниот, Вардарскиот, Југоисточниот и Пелагонискиот плански регион. Две од учесничките во фокус групите се од Скопје. Фокус групите се спроведоа директно на терен со директен контакт со учесничките со почитување на мерките и препораките за заштита во време на ковид-19, односно со одржување на потребната физичка дистанца и носење на заштитна маска за време на одржувањето. Една фокус група се реализираше онлајн. Во однос на родовата застапеност во фокус групите беа вклучени 25 жени и 4 мажи. Во однос на етничката застапеност најголем дел од учеснички беа од македонска етничка припадност и две од влашка етничка припадност. Најголем дел од жените учеснички во фокус групите се дел односно се членки на земјоделски задруги со цел да се добијат директни податоци за состојбата на жените во земјоделските задруги. Мал број од опфатените жени не беа директно вклучени во земјоделски задруги. Истите на индиректен начин се поврзани со задругите преку свои блиски кои членуваат во задругите.

Најголем дел од испитаничките се во возрасната група од 51-64год. потоа следуваат оние во возрасната група од 41-50г. Во однос на нивото на образование најголем дел од нив се со средно образование 14 (гимназија и/или средно стручно училиште), но исто така има и значителен број на жени со високо образование (6).




Во поглед на работниот статус односно вработувањето најголем дел од жените учеснички во фокус групите се самовработени-регистрирани земјоделки (6), потоа оние кои се носителки на семејно земјоделско стопанство (4) и вработени во приватен сектор (4). Оние кои се регистрирани земјоделки се најчесто жени во повозрасни години и тие сами ги плаќаат придонесите за здравственото и социјалното осигурување. Дел се вработени и во приватен сектор.




Во однос на повратните информации кои ги добивме од фокус групите можеме да забележиме дека учесничките во фокус групите беа интерактивни, даваа одговори на поставените прашања, и доколку одредено прашање не им беше доволно јасно бараа појаснување. Иако на почетокот на дискусијата се забележуваше дека во одговорите доминираат една до две жени понатаму во текот на дискусијата и останатите учеснички земаа активно учество.

Во однос на прашањата **Колку време се занимавате со земјоделство? и Колку време сте членка на земјоделска задруга?** Најголем дел од нив се занимаваат со земјоделство над дваесет години, а потоа следуваат оние кои се занимаваат со земјоделство од 16-20 години.

**Колку време се занимавате со земјоделство?**




Во врска со членството во земјоделските задруги најголем дел од нив членуваат од 3-5 години, (5) потоа следуваат жените кои се членки од 6-10 год. (3) а, значителен дел од учесничките во фокус групите членуваат од 0-2 год.односно се понови членки (9), две жени членуваат над 10-тина години.




**Мотиви за зачленување**

На прашањето **Што ве мотивираше да станете членка?** како клучни мотиви најголем дел од нив ги набројаа ,,поголемиот пазар, поголемите можности пред сè за обуки во земјоделството и со тоа јакнење на нивните капацитети и знаења кои би им помогнале во развојот во земјоделството, како и желбата заеднички да работат и соработуваат, односно солидарноста." Економската придобивка од членството и поголемата економската моќ кои ги очекуваат од членството во задругата се исто така меѓу примарните мотиви за зачленувањето. Од друга страна пак, не се препознаваат јасно придобивките кои задругата и активностите на самата задруга ги имаат за пошироката заедница, за општествениот развој и руралниот развој. Иако како мотив се препознаваат здружувањето и желбата за солидарност и помош сепак во дел од одговорите добивме дека ,,Луѓето се индивидуалци и не се заинтересирани за колективот и колективното добро." Очигледно е дека само до извесен степен се знае што всушност е земјоделска задруга, како функционира и што може да се добие како резултат на членството во истата. Во руралните средини нема јасна перцепција за тоа што всушност е задруга и кои се придобивките од членството во задругите и нивното функционирање. Концептот сè уште не е доволно јасен и сфатен, и тоа посебно од страна на жените кои се занимаваат со земјоделство, а не се членки на задруги. Има случаи каде што сè уште сметаат дека тоа е ,,нешто останато од минатото кога имотот се одземал и станувал сопственост на задругата и сметаат дека и сега со зачленувањето во задруга ќе го загубат имотот.ˮ Евидентно е дека е потребно поголемо информирање и запознавање со самиот концепт на земјоделска задруга и придобивките од задругите. Потребен е поголем проток на информации посебно на локално ниво со цел истите да допрат до сите жени земјоделки

Во поглед на зачленувањето на жените во земјоделските задруги учесничките изјавија дека

,,жените генерално слабо се заинтересирани за членство во земјоделски задруги, има голем скептицизам од нивна страна." Исто така од одговорите што ги добивме евидентно е дека и пошироката јавност /популација во руралните средини конкретно другите жени земјоделки кои

не се членки на задругите гледаат кон оние кои што се членки со завидливост дури според зборовите гледааат на нив како на ,,секта." За помладите жени нема никаков мотив и стимул да останат во руралните средини така што во задругите главно членуваат повозразни жени над 40-50тина години и многу тешко оди зачленувањето и придобивањето на нови членки, а посебно на помлади жени и девојки бидејќи истите мигрираат од руралните во урбаните области, односно присутна е и внатрешната и надворешната миграција.

**Членство, лидерски позиции и структура**

Во поглед на прашањата за членството, односно соодност на машки и женски членови во задругата во речиси сите земјоделски задруги кои се регистрирани во општините каде што се спроведоа фокус групите мажите се побројни од жените во редовното членство, но исто така истите доминираат и во делот на лидерските и менаџерските позиции односно се побројни во Управните одбори и во Надзорните одбори. Во Управниот одбор на најголем дел од задругите има и жени и мажи. Во две задруги од интервјуирани 6 управителки се жени. Кај една од задругите нема жени ниту во УО ниту во НО, меѓутоа набргу се планираат нови избори и сега ќе се земе предвид родовата застапеност, односно ќе бидат вклучени жени во управните структури. Позитивно е што учесниците (мажи) кои главно беа управители и/или менаџери ја препознаваат потребата од вклучување на жени во управните структури и во една од задругите која беше опфатена со фокус групите во план е формирање на Клуб за жени и Клуб за млади како посебни структури во рамки на задругата што значи дека стануваат повеќе родово свесни. Генерално задругите чии што членки беа присутни на фокус групите се мали задруги со бројност до 19 члена.

Во однос на прашањето **Дали жените можат да бидат на управувачките позиции и дали нивниот глас се слуша и се прифаќаат нивните предлози и сугестии,** жените сметаат дека ,,самите жени не се многу активни, нема многу инцијативи од страна на жени, голем дел од жените имаат многу обврски во семејството околу децата и постарите и не можат многу поактивно да се вклучат во функционирањето на задругата." Но, исто така сметаат дека и жените како и мажите можат да бидат многу добри лидерки и менаџерки бидејќи се поодговорни околу исполнување на обврските. Во задругите во која членуваат генерално имаат слух од страна на мажите, комуницираат, ги прифаќааат нивните мислења, така што не се чувствуваат како второстепени. Сметаат дека соработуваат меѓу себе и дека немаат проблем со мажите односно и мажите соработуваат со нив , ги слушаат нивните идеи и предлози, имаат меѓусебна интеракција.

Од друга страна пак дел од учесничките (помлади жени-членки на задругите) изјавија дека

,,како да не се вреднува доволно жената, односно трудот, мислењето, предлозите и идеите. Не се земаат многу предвид, мислењето на жените, а посебно на помладите жени.”

На социјалните мрежи има групи каде контактираат земјоделците и понекогаш има и невкусни шеги, односно не се сфатени сериозно и доколку истите коментираат по однос на одделни прашања не се обрнува многу внимание бидејќи истото е кажано од жена.

Структурно задругите во најголем процент ги имаат запазено структурите согласно Законот и Статутот на задругата односно имаат Управител и Управен одбор, Надзорен одбор. Дел од задругите немаат целосна структура односно немаат Надзорен одбор, што беше и најчест случај, така што потребно е преструктуирање и подобрување во овој дел, и во наредниот период да се формираат надзорни одбори.

Во однос на проактивното учество, сметаат дека се активни, знаат да дадат предлози, идеи и иницијативи, кои до одреден степен се прифаќаат од страна на мажите, а кои доколку жена е управителка (менаџерка) на земјоделската задруга тогаш во поголем степен им се прифаќа и им се слуша гласот. Жените сметаат дека стапката на учество на жени во однос на членството во други структури е помала, како на пример поголемо е членството во нво, граѓански организации, па и дури и во приватните бизниси. Сепак според нив незначително е зголемено учеството споредбено со последните 6 години. Во однос на запознаеност дека во глобални рамки постојат само женски задруги, речиси воопшто не се запознаени.

**Пречки и ограничувања со кои се соочуваат**

Како пречки кои не им дозволуваат да бидат поактивни во земјоделските задруги ги наведоа обврските во домот, семејството, грижата околу постарите лица како и работата на поле, бидејќи во периодот кога има многу работа тогаш не можат да одвојат време за состаноци, обуки и слично. Жените имаат голем број обврски во домот, со семејството, како и со постари лица бидејќи нема домови за стари лица во руралните средини и речиси целиот товар околу грижата паѓа врз нив. Во некои средини, каде три генерации живеат во исто домаќинство, тука е полесно за организирање бидејќи ја делат работата за грижата за децата и за постарите. Домашните и другите обврски се распределуваат и настојуваат да ги усогласат добро сите обврски и добро да го испланираат и организираат времето. Во однос на вклучување на помлади жени велат дека воопшто нема интерес бидејќи истите си заминуваат и немаат интерес да останат во овие краишта и да се занимаваат со земјоделство. Може да се заклучи дека сѐ уште е присутна традиционалната поделба на родовите улогите во домот и семејството и дека жените треба многу добро да се организираат и да имаат помош и поддршка од семејствата за да можат да бидат активни на неколку полиња.

**Информираност, проток на информации, соработка помеѓу задругите**

Во поглед на информирањето во задругите и протокот на информации може да се заклучи дека понекогаш има пропусти во комуникацијата односно информирањето и не се доволни информирани за сѐ, како на пример за клучни прашања од типот на вработување во задругата.

Фреквенцијата на одржување на состаноците на почетокот на функционирањето на задругите е честа, а потоа истата се намалува. Како илустрација, една задруга одржува состаноци 2 пати месечно со цел да се следи работата, да се види кои се потребите, новините и слично, другата задруга одржува состаноци по потреба. Почесто се среќаваат во зимскиот период , поретко во

летниот период. Меѓутоа членките велат дека редовно се информираат за сè, сите одлуки се донесени на транспарентен начин со информирање на членството пред сè во оние задруги од интервјуираните кои се управувани од жени.

Многу мал дел од жените кои зедоа учество во фокус групите не беа членки на задругите туку беа индиректно вклучени во работата и /или функционирањето преку нивните сопрузи, браќа или пак преку соработката и /или контактите кои ги имаат со другите жени, пријателки, соседки кои се членки на задругата. Меѓутоа истите генерално се запознаени со концептот на земјоделска задруга и позитивно гледаат од аспект на здружување, солидарност, помош и поддршка.

Она што е евидентно е дека тие поретко комуницираат со жени од други задруги бидејќи не се познаваат меѓусебно, пред сè оние кои се понови членки и сметаат дека е добро да има комуникација, интеракција, размена на искуства, идеи и слично.

Во поглед на прашањата за соработката и протокот на информации од страна на Македонската асоцијација на земјоделски задруги кадешто членуваат задругите чии членки се жените кои што учествуваа во фокус групите, генерално добро се запознаени со работата и активностите на МАЗЗ оние жени кои подолго време членуваат во задругите и кои веќе имале претходни контакти со МАЗЗ, а биле и дел од УО на МАЗЗ. Останатите се запознаени до извесен степен и информациите ги добиваат најчесто преку претседателот/управникот кои се задолжени за контакти со МАЗЗ. Во дел од фокус групите иако жените беа доминанти, вклучени беа и мажи односно вкупно 4 мажи-претседатели/управници. Истите сметаат дека комуникацијата со МАЗЗ е ,,транспарента, ефективна и членарината е прифатлива."

Како една од препораките од страна на учесничките во фокус групите во поглед на работата на МАЗЗ е да се изготви анализа на потребите на членките за да се детектира што конкретно е потребно, каков тип на помош и поддршка. Земјоделските задруги имаат потреба од финанскиска помош и поддршка и доколку е тоа можно МАЗЗ да ги разгледа опциите и можностите за субгрантирање на задругите во рамки на одредени проекти и активности. Исто така како една од можностите за поефективно и поактивно вклучување во работата и активностите на МАЗЗ беше наведено и формирањето на тематски работни групи во рамки на МАЗЗ каде што претставниците/чките на земјоделските задруги би можеле согласно на своите искуства, знаења и потреби да дадат активен придонес.

Сите учеснички беа едногласни во ставот дека има голема потреба од постоење на една ваква асоцијација како МАЗЗ која ги обединува земјоделските задруги и преку која може да се слушне гласот на земјоделците. Согласно на тоа МАЗЗ треба да делува по однос на прашања од интерес на земјоделските задруги, да лобира и застапува за одредени прашања и проблеми, даучествува со свои претставници во работата на работните групи во рамки на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Според нив, МАЗЗ треба да има континуитет во теренската работа, да доаѓа почесто на терен и да има непосреден контакт со своето членство.

**Заклучок за вториот тематски дел од прашалникот**

Од одговорите на прашањата во рамки на овој тематски дел може да се заклучи дека концептот на земјоделски задруги сè уште не е доволно јасен, потребна е поголема информираност и мотивирање на жените да се зачленат. Кај нашите земјоделци вклучително и жените земјоделки сè уште е актуелен индивидуализмот наспрема колективизмот кој не се препознава во позитивна конотација. Потребна е поголема вклученост и на институциите од областа на руралниот и земјоделскиот развој со цел запознавање на земјоделците посебно жените со придобивките од задругите. Сè уште преовладува традиционалната родова поделба на улогите, исто така во одредени рурални средини сè уште нема доволно сервиси за грижа на деца и стари лица што им оневозможува на жените поактивно да се вклучат во работата и активностите на задругите. Младите жени и девојки треба да се мотивираат да останат во руралните средини и активно да се вклучат во работата на задругите. Жените треба да ги унапредат своите лидерски и менаџерски вештини преку дополнителни обуки. Во исто време потребно е да се подобри протокот на информации меѓу членството во задругите, како и подобрување на интерната структурата на самите задруги, односно формирање на сите тела кои се потребни согласно законот и статутот. Во рамки на интерната структура потребно е поголемо вклучување на жените на лидерските позиции. Евидентно е дека е потребно е поголемо вмрежување и соработка помеѓу задругите. Преку формирање на тематски групи за работа во рамки на самите задруги како и во рамки на МАЗЗ би се подобрила и фокусирала работата на одредени области.

**Во поглед на третиот дел од прашалникот кој се однесува на** потребата од јакнење на капацитетите, идентифукувана е голема потреба од едукација, обуки и дообуки по однос на стручни теми поврзани со земјоделството и руралниот развој, но иста така детектирана е и потребата од развој на тнр. меки вештини кои се поврзани со комуникациските, организациските вештини, вештини за лобирање и застапување, лидерство и менаџмент.

Во поглед на првото прашање од овој дел **Дали знаете да изработите бизнис план и дали сте запознаени со маркетинг?**

Најголем дел од жените изјавија дека

---

,,повеќе од потребна е едукација во однос на изработка на бизнис/деловен план, посебно едукации и тренинзи за изработка на финансиски план и читање на планот." Најголем дел изјавија дека финансиска писменост им е слаба страна и дека истата им е многу потребна. Знаат да изработат најчесто драфт план меѓутоа изработката на детален план со вклучување на сите финансиски компонентни не им е јасна и потребни им се дополнителни обуки.

---

Како теми кои им се најпотребни ги издвоија обуките за маркетинг, социјално претприемништво, агроекономика во земјоделството, механизација во земјоделството, органско земјоделство, адаптација и прилагодување на климатските промени, менаџмент на

земјоделска фарма, компјутеризација на земјоделството и фармата, едукации и тренизи за системи за иригација, за системот капка по капка. Во однос на е-земјоделството и дигитализацијата сметаат дека немаат речиси воопшто познавања и дека земјоделците треба дигитално да се описменат. Според нив постојат одредени е-платформи, но истите не се функционални и би требало да се работи многу во делот на дигитализација на земјоделството и обука на членството. Во однос на обуките досега многу малку посетувале обуки и тоа обуки кои биле организирани од страна на МАЗЗ. Задругите како самостојни единки многу ретко организираат обуки за своето членство, а уште поретко конципирани обуки согласно потребите на жените. Обуките кои најчесто се испорачани и на кои присуствувале се одржани од страна на МАЗЗ.

На прашањето **Дали знаат што е родова еднаквост?** најголем дел од нив изјавуваат дека знаат што е, меѓутоа на прашањето дали биле на некоја таква обука, многу мал дел од нив биле на обуки и тренинзи на темата, односно исти жени биле на повеќе обуки од ваков тип, останатите воопшто не посетувале вакви обуки. Во однос на прашањето **Дали сметаат дека постои родова еднаквост во нивната задруга?** најголем дел сметаат дека постои и дека добро соработуваат со колегите мажи и дека истите ги прифаќаат нивните предлози, сугестии , но има и исклучоци кои сметаа дека постои до извесен степен и треба да се работи на ова прашање бидејќи жените не се доволно сериозно сфатени. Во однос на ова прашање дел од учесничките изјавија дека се потребни обуки за родова еднаквост и недискриминација наменети конкретно за нивните колеги-мажи од земјоделските задруги.

На прашањето **Како според вас би можела да се подобри и зголеми нивото на еднаквоста помеѓу членовите**? најчест одговор беше со комуникација, информирање на жените кои се членки на задругите, јасност во информациите, посериозно сфаќање и разбирање на жените, вклучување во сите структури.

Како еден од инвентивните и корисните начини на едукација го потенцираа студискиот кружок кој е многу потребен, иновативен и ефективен. Во однос на меките вештини ги наведоа обуките за застапување и лобирање за да можат заеднички пред локалните власти да ги презентираат своите потреби и приоритетни прашања, за подобро функционирање на задругите и на жените во земјоделските задруги. Потоа комуникациски вештини, организациски вештини односно вештини за лидерство, управување и менаџирање. Многу мал дел од нив биле на студиски посети надвор од државата, односно во државите во регионот (Албанија, БИХ, Бугарија, Словенија) и сметаат дека е потребно да се организараат повеќе студиски посети и размени од ваков тип бидејќи се многу корисни, се учи многу, се разменуваат позитивни искуства и практики. Пред сѐ научиле за заедништво и солидарност, бидејќи земјоделците во земјите од регионот не функционираат како индивидуалци како што најчесто е случајот кај нас. Исто така претходно имаат посетувано земјоделски саеми и сметаат дека организирани манифестации од таков тип за размена на искуства се многу потребни. Жените сметаат дека се потребни повеќе посети во земјите во регионот и другите европски земји заради позитивни искуства, размена на идеи, позитивни практики. Тие имаат волја и интерес да одат на обуки, но како фактор кој ги спречува ја напомнаа работата, односно обуките да се организираат во периоди кога има помалку работа на нивата.

**Заклучок- трет тематски дел од прашалникот**

Во однос на овој дел може да се заклучи дека жените од земјоделските задруги имаат потреба од дополнителни обуки и едукации како за стручни теми така и за тнр. меки вештини кои би ги подобриле нивните капацитети и би им помогнале поактивно да се вклучат во работата на задругите. Евидентно е дека е потребна размена на искуства, позитивни практики со земјоделските задруги од земјите од регионот и европските земји. Потребна е поголема соработка со жените од другите земјоделски задруги како и со жените од задругите од регионот. Имплементирање на позитивни европски и регионални практики на национално ниво. Во однос на родовата еднаквост исто така може да се заклучи дека најголем дел од жените до извесен степен знаат што е концептот, но конкретни обуки на оваа тема имаат посетено само мал број жени. Мажите од задругите исто така треба да се запознаат со концептот на еднаквите можности и недискриминацијата. Жените се заинтересирани за присуство на обуки и надградба на капацитетите така што е потребно да се изнајде модул, самите задруги да организараат стручни и друг вид обуки покрај обуките кои МАЗЗ ги организира и секако во заедничка соработка. При организирање на овие обуки треба да се води сметка и за другите обврски на жените со цел да се обезбеди максимално присуство од нивна страна**.**

Во однос на **прашањата од 4-тиот тематски дел** кои се поврзани со информираноста за националните и европските програми за помош и поддршка на земјоделците, конкретно за мерката 131 за помош и поддршка на земјоделски задруги, може да се заклучи дека голем дел од информациите за аплицирање на достапните фондови се добиваат преку неформални канали за комуникација односно преку комуникација со своите колеги од задругите, пријатели, но исто така и преку ТВ, а дури потоа преку интернет. Сепак позитивно е што на интернет се посетуваат и страници како што се Зелена берза, Добра земја, кои содржат информации поврзани со земјоделството и руралниот развој. Нивото на дигитална/информациска писменост и навиките за користење на интернетот како алатка за пронаоѓање на информации за земјоделството и руралниот развој треба да се зголемат.

**Во однос на прашањата за информираноста за достапните фондови за земјоделски задруги и начините на аплицирање, учесничките во фокус групите сметаат дека „**има доста процедури, односно обемна документација која треба да се подготви за аплицирање и има многу административни и бирократски процедури кои што ја кочат и отежнуваат работата/процесот на апликација." Во врска со апликациите за мерката 131 истите ги подготвуваат делумно сами, но користат и помош од надворешни лица кои се постручни во подготовката на апликацијата. Како негативности кои ги посочија е што дел од нив сметаат дека мерката 131 од програмата за финансиска подршка на руралниот развој не е функционална, повеќе им е позната како мерка за набавка на земјоделска механизација, односно трактор и повеќе ја користат оваа потточка 131.3. или пак за вработување на лица кои водат сметководство и други административни и технички работи. Оние кои аплицирале минатата година за мерката 131 сè уште ги немаат добиено средствата. Може да се заклучи дека досега најмногу имаат аплицирано за земјоделска механизација, односно за набавка на трактори. Но, и тука според нив има ограничувања односно ограничување на пример во поглед на тракторите каде како прифатливи

трошоци се наведени трактори до 95 КС , кои тие според нив треба да бидат прилагодени соодветно на потребите.

Самите огласи не се доволно јасни за апликантите, потребно е да се олеснат условите посечени во мерката 131. Периодот на одобрување на апликациите е многу долг споредбено со времетраењето на проектите, на пример како илустрација ,,се чека 10 месеци за одобрување на апликациите, проектите траат две години, додека пак повратокот на средства е 6-8 месеци. Во банка е многу тешко да добијат гаранција за средствата, а каматите се многу високи.’’

При аплицирањето проблем претставува и потребата од готови финансиски средства кои треба да се вложат, а потоа се враќаат, но периодот на враќање може да трае долго. Исплатата на средствата за оние кои имаат позитивни апликации исто така може да трае повеќе месеци.

Во поглед на прашањата се аплицирањето на мерката 131 се добива впечаток дека жените не се многу запознаени додека пак претседателите/управителите на задругата се многу повеќе запознаени. Наведоа и позитивни страни при аплицирање за мерката 131 и сметаат дека е добро што може да се аплицира и два, три пати, односно не се ограничува во тој поглед и дека една од поволностите е што има два рока за аплицирање.

Според испитаничите потребно е да се обезбеди поголема самоодржливост на задругите односно истите да опстојат и надвор од проектите финансирани од националните и европските програми.

Како еден од проблемите го споменаа и двојното оданочување односно 20% данок кој треба да се исплати од страна на земјоделските задруги. Доходот што го остваруваат задругите се оданочува со 10% данок на добивка и е регулиран со Законот за данок на добивка, а најчесто истиот е финансиска поддршка за развој на задругата кој е донација, а се оданочува преку Законот за данок на добивка. Додека пак дополнителни 10% персонален данок треба да се исплати од страна на секој сопственик во случај кога задругата ќе распредели дивиденди.

Во поглед на ИПАРД апликациите евидентно е дека тие се помалку познати и дека од учесничките во фокус групите речиси никој нема аплицирано за ИПАРД средства. Она по што ги разликуваат од националните фондови за апликација е ,,дека се многу потешки и покомплицирани за апликација."

Преку прашањата во овој дел се наметнаа и прашања поврзани за соработката со локалните власти и подрачните единици на агенцииите (ПА и АПРЗ). Може да се заклучи дека локалните власти немаат доволно слух за земјоделците и за земјоделските задруги бидејќи има премногу административни процедури и тоа многу го кочи процесот не само на аплицирање туку и на функционирање на задругите. Понекогаш се чека на одобрување на одредена документација од страна на локалните власти и по неколку месеци. Потешка е соработката со националните агенции со Платежната Агенција и со Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството. "Институциите немаат слух за потребите, не функционираат онака како што треба и не се доволно во служба на земјоделците. "

**Заклучок за четвртиот тематски дел од прашалник**

Од одговорите на учесничките во фокус групите може да се заклучи дека е потребна е поголема соработка и поголема отвореност на локалните подрачни институции како и на самите локални власти за потребите на земјоделските задруги. Во поглед на информираноста за мерката 131 евидентно е дека жените -членки на земјоделските задруги се во помала мера информирани за мерката и потребно е да се осмислат пристапи од страна на подрачните канцеларии на агенциите и МЗШВ за остварување на повисока стапка на информираност на жените во врска со достапните фондови за аплицирање. Треба да се организираат информативни кампањи за постоечките фондови конкретно за жените од руралните средини кои имаат интерес и сакаат да се информираат за процесот на апликација. Во врска со мерката 131 може да се заклучи дека и во однос на оваа мерка не се доволно јасни критериумите и огласите и дека дел од критериумите како и прифатливите трошоци се ограничувачки.

## Препораки:

1. **На локално и национално ниво (ниво на креирање политики)**

Поддршка од страна на локалните и националните институции од областа на земјоделството и руралниот развој во

-Спроведување на национални кампањи за значењето на земјоделските задруги и придобивките од членство во задругите насочени кон жените во руралните средини, со цел информирање и едукација на жените земјоделки за придобивките од оформување на земјоделските задруги и членство во истите ;

-Поголема достапност и соработка од страна на локалните и регионалните канцеларии на Агенциите, односно повеќе локални средби и консултации со претставници/управители/менаџери, членство на земјоделски задруги, вклучително и жени-членки со цел планирање и градење на идни заеднички стратегии за подобро функционирање на задругите со посебен акцент на поддршка и посебни мерки за жените во задругите ;

-Подобрување на меѓуинституционалната соработка (подрачните канцеларии на Агенциите, Министерството, локалните самоуправи, земјоделските задруги) со цел навремени, точни информации за достапни фондови и програми;

-Покрај Регистерот на земјоделски задруги унапредување на родовата анализа односно креирање на родово разделени податоци за учеството /членството на жените во задругите ;

-На локално ниво во општините во рамки на подрачните канцеларии на Агенциите и Министерството ангажирање на локални стручни лица, односно локални агрономи кои ќе ги советуваат земјоделците и ќе обезбедуваат информации, советодавни услуги и сл.;

- Испорачување на стручни едукации во областа на земјоделството и руралниот развој од страна на националните агенции со таргетирање на жените-членки на земјоделските задруги ;

-Поголем број на локални и национални информативни кампањи во однос на аплицирањето за мерката 131;

-Подобрување на условите/критериумите во рамки на Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за мерката 131, односно појасни и помалку ограничувачки критериуми и поедноставување на админстративните и бирократските процедури ;

-Изработување на посебна Национална Стратегија за земјоделски задруги ;

-Препознавање на задругите како легитимна форма на претпријатие и вклучување на кооперативниот модел во образовниот курикулум во средното образование во делот за бизнис и претприемништво;

-Промена/надополнување на постоечката законска рамка за земјоделски задруги со посебен осврт на намалување на потребниот број на земјоделски стопанства кои можат да формираат задруга;

-Афирмативни мерки во Законот за земјоделски задруги

**2. На организациско ниво ( Македонска Асоцијација на земјоделски задруги)**

-Формирање на посебни тематски групи во рамки на МАЗЗ како што се тематска група за родова еднаквост ;

-Во рамки на стратешкиот план посебна тематска област за родова еднаквост односно вклучување и анимирање на жените и младите во земјоделските задруги;

-Поголема застапеност на жените во управувачките структури на МАЗЗ (Управен одбор, Надзорен одбор) ;

-Документите, стратегиите и акциските планови на ниво на организација да бидат родово сензитивни и родово одговорни;

-Прибирање на стандардизирани родово сегрегирани податоци на ниво на организација ;

-Конципирање, изработка и спроведување на интегрирани модули за обуки на жените-членки на земјоделските задруги и жените од руралните средини потенцијални членки на задруги за развивање на вештини за комуникација, организација, тимска работа, управување, менаџирање, застапување, лобирање, родова еднаквост и недискриминација и др. меки вештини;

-Стручни модули согласно на барањето и потребите како што се модули за финансиска писменост (изработка на финански и бизнис планови), маркетинг стратегии, социјално претприемништво и други стручни обуки во областа на земјоделството, агроекономика и сл.;

-Обуки на членството за подобрување на вештините и знаењето за аплицирање на достапните програми (национални и европски);

-Обуки за родова еднаквост и недискриминација со таргетирање на мажите во земјоделските задруги;

-Обуки и информативни кампањи за постоечките национални и европски фондови посебно за аплицирањето на мерката 131 со посебно таргетирање на жени на овие обуки;

-Лобирање и застапување пред националните институции од областа на земјоделството и руралниот развој со цел креирање на поповолна законска рамка за задругите;

-Поголема вклученост и интерактивност во тематските групи во рамки на МЗШВ;

-Активна вклученост во формулирање на нови предлози и законски решенија во рамки на работните групи ;

-Доколку е возможно субгрантирање на земјоделските задруг -членки на МАЗЗ во рамки на одредени проекти и проактивно вклучување на задругите во проектните активности (кога е тоа можно и изводливо);

-Редовна, континуирана и транспарентна комуникација со членството;

-Обуки за дигитална писменост и е-земјоделство на членството со посебен акцент на жените-членки;

-Вмрежување и соработка на национално, регионално ниво и пошироко со земјоделски задруги.

**3. На ниво на земјоделски задруги членки на МАЗЗ**

-Континуирани обуки и едукација на земјоделските задруги-членки на МАЗЗ по однос на стручни и меки вештини согласно потребите на членството со посебно таргетирање на жените со подршка на МАЗЗ;

-Стручни модули согласно на барањето и потребите како што се модули за финансиска писменост (изработка на финансиски и бизнис планови), маркетинг стратегии, социјално претприемништво и други стручни обуки во областа на земјоделството, агроекономика и др. со поддршка на МАЗЗ;

-Обуки за аплицирање за достапните програми (национални и европски) за членството ;

-Обуки за родова еднаквост и недискриминација со таргетирање на мажите во земјоделските задруги;

-Воспоставување на редовна соработка и механизам за вмрежување помеѓу задругите;

-Подобрување на внатрешната структура на земјоделските задруги согласно Законот и Статутот односно формирање на сите неопходни тела и структури како што се Управен одбор и Надзорен одбор;

-Вклучување на жени во управувачките структури (Управен одбор, Надзорен одбор);

-Воспоставување на редовни канали за комуникација помеѓу членството, подобар проток на информации преку одржување на редовни состаноци, тематски состаноци;

-Формирање на посебни тематски групи-жени и млади во рамки на задругите (доколку е тоа можно, односно доколку бројот на членови во задругата е поголем и опфаќа разновидно членство);

-Информативни средби со жени од рурални средини со цел мотивирање и анимирање за вклучување во задругите.

## Користена литература /референци

1. Закон за земјоделски задруги, Службен весник бр.39 од 2016г.
2. Национална стратегија за земјоделство и рурален развој, http://www.mzsv.gov.mk/CMS/Upload/docs/NSZRR2014-2020.pdf
3. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој, Службен весник на РМ, бр. 127 од 10.7.2018
4. Закон за земјоделство и рурален развој
5. Прирачник за користење на средства од ИПАРД програмата (НСРР, 2019)
6. EUROPEAN ECONOMIC AND SOCIAL COMMITTEE, Opinion of the European Economic and Social Committee on the Communication from the Commission to the Council and the European Parliament, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions on the promotion of cooperative societies in Europe (COM(2004) 18 final) достапно на https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2005:234:0001:0007:EN:PDF)
7. Morocco, Investing in collective action: opportunities in agrifood cooperatives (FAO, Rome, 2018) достапно на http://www.fao.org/3/ca1198en/CA1198EN.pdf
8. ШИШОВСКИ, Јордан, Задруги за 21 век : алтернативен модел за економска демократија и развој во Македонија / автори Јордан Шишовски, М. Адела Ѓорѓиоска, Горан Јанев. - Скопје, Левичарско движење Солидарност, 2016.
9. Мартин Краљевски, Работнички кооперативи – „Социјалистички острови“ во капиталистичкото море (Скопје, 2014) достапно на https://solidarnostblog.wordpress.com/2014/05/07/rabotnichki-kooperativi/
10. Eva Majurin, (ILO, 2012) How women fare in East African cooperatives: the case of Kenya, Tanzania and Uganda , достапно на https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_735776.pdf

11. Fiona Duguid and Nadya Weber, (International Co-operative Alliance, 2016) Gender equality and women's empowerment in co-operatives достапно на https://www.ica.coop/sites/default/files/publication-files/womencoops-literature-review-1641374184.pdf

12. F. Duguid; G. Durutas, M. Wodzicki, THE CURRENT STATE OF WOMEN'S CO-OPERATIVES IN TURKEY (World Bank, 2015) достапно на http://documents1.worldbank.org/curated/en/683371485321510204/pdf/112242-WP-PUBLIC-Rapor-ENG.pdf

13. Национална Конвенција за Европска Унија во Република Северна Македонија, Трета работна сесија на првата работна група на НКЕУ-МК, Земјоделски задруги, можности и предизвици https://nkeu.mk/wp-content/uploads/2018/12/RG1-RS3-Zemjodelski-zadrugi-MK.pdf
14. 24 инфо- Во структурата на земјоделските задруги само седум отсто млади и 16 проценти жени (Скопје, 2019)
15. R193-Promotion of Cooperatives Recommendation, 2002 (No. 193) достапно на https://www.ilo.org/dyn/normlex/en/f?p=NORMLEXPUB:12100:0::NO::P12100_ILO_CODE:R193

16. ILO, Leveraging the cooperative advantage for women's empowernment and gender equality, https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_emp/---emp_ent/---coop/documents/publication/wcms_307217.pdf

17. T.Jolly Owiny, Ways in which women can lead and succeed in cooperatives, https://www.kas.de/documents/280229/4616563/Ways+in+which+women+can+lead+and+succeed+in+cooperatives.pdf/6285eec7-f627-3ab9-2926-88456b80178b?version=1.0&t=1548248488739

18. Нацрт Извештај за проценка на влијанието на регулативата Закон за задругите , достапен на https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=54545

**Анекс I- Анкетен прашалник**

**Прашалник за вклученост, препреки и потреби на жените во земјоделските задруги**

Прашалникот е составен од 4 дела

**Прв дел- Општи информации**

**1. Возраст:** а) 18-25 б) 26-30 в) 31-40 г) 41 - 50 д) 51 - 64 ѓ) 65 и повеќе

**2. Место на живеење:** _____________________________________________

**3. Етничка припадност** _____________________________________________

**4. Работен статус**

а) невработен /а

б) самовратено лице – регистриран земјоделец (носител/ка на дејност)

в) дел од семејно земјоделско стопанство

г) самовработено лице (основач на мал бизнис)

д) вработен/а во приватен сектор

ѓ) вработен/а во јавен сектор

е) ангажиран/а по договор

ж) друго (наведете)_______________________________________

5. **Наведете го нивото на образование:**

а) без формално образование

б) основно образование

в) стручно училиште

г) средно училиште (гимназија)

д) висико образование (универзитет)

ѓ) друго, ве молиме наведете:______________________________

**Втор дел – Членство во задруги, пречки, комуникација, застапеност**

**6. Колку време се занимавате со земјоделство?**

______________________________ год.

**7. Колку време сте членка на земјоделска задруга?**

а)0-2 год    б)3-5 год.    в)6-10 год.    г)над 10 год.

**8.Што ве мотивираше да станете членка? (заедништво, солидарност, поголеми можности, поголем пазар,сл. друго )**

______________________________________________________________________

**9. Дали жените земјоделки имаат јасна претстава/перцепција за тоа што е земјоделска задруга и како функционира?**

А) да    б) до извесен степен    в) не

**10. Дали сметате дека жените се доволно застапени (членуваат) во земјоделските задруги?**

А) да    б) до извесен степен    в) не

**11. Дали сте запознаени колкав е бројот на жени што членуваат во истата задруга во која вие сте членка?**

______________________________________________________________________

**12. Доколку членувате над 6 год. дали сметате дека учеството на жените во задругите е зголемено во текот на изминатите 6 год?**

а) малку се зголеми    б)многу се зголеми    в) се намали    г) не знам

**13. Кои според вас се главните причини/бариери за незачленување на жените во задругите?**

______________________________

**14. Дали сте запознаени за постоење на само женски задруги?**

А) да   б) не   в) сум слушнала

**15. Дали во задругата во која членувате доминираат машки членови?**

______________________________

**16. Дали знаете кој е соодносот (бројот) на членови во задругата во која членувате (мажи наспрема жени)**

**17. Дали активно учествувате во работата на задругата или сте само член? Дали давате предлози, сугестии за работата, иницијативи?**

А) да б) делумно, до извесен степен в) не

**18. Дали вашиот глас се слуша при донесување одлуки, при спроведување активности?**

А) да б) делумно в) не г) зависно од одлуките кои се донесуваат

**19. Дали се соочувате со некои ограничувања во давањето на свој придонес, предлози, иницијативи во задругата?**

А) да б) делумно в) не

Доколку се соочувате , наведете пример/и

**20. Дали останатите членови ги прифаќаат вашите идеи, предлози и сл.**

А) да б)понекогаш в) не

**21. Дали сте запознаени дали има жени на позициите во управните одбори на задругата?**

**22. Дали има жени на другите раководни позиции (надзорен одбор, др.тела)?**

**23. Дали сметате дека стапката на учество на жените во земјоделските задруги е мала споредена со учеството на жените во други структури (организации, претпријатија, приватни бизниси)?**

А) да б) до извесен степен в) не г) не сум запознаена

**24. Колку често одржувате состаноци ?**

____________________________________

**25. Дали редовно сте информирани за сите активности и дали редовно ги добивате сите информации?**

____________________________________

**26. Дали постои двонасочна комуникација помеѓу членството и управувачките структури?**

____________________________________

**27.Дали соработуваат меѓу себе жените членки на иста задруга и дали соработуваат со членките на други задруги?**

А) да б) до извесен степен в) не

**28.Дали мажите членови на задругата се отворени за соработка со вас?**

А) да б) делумно, до извесен степен в) не _____________

**29. Дали сте запознаени со активностите на МАЗЗ?**

А) да б) делумно в) не

**30. Дали редовно ве повикуваат на состаноци од страна на МАЗЗ , дали има друго лице кое е задолжено за учество во работата на МАЗЗ?**

А) да б) не в) не знам друго _____________

**31. Дали би сакале поактивно да се вклучите во работата и активностите на МАЗЗ?**

А) да б) не друго _____________

**Трет дел -потреба од јакнење на капацитетите**

**32. Дали знаете да изработите бизнис план, дали сте запознаени со маркетинг?**

____________________________________

**33. Дали вашата задруга одржува сесии/тренинзи /обуки за своите членови?**

А) да б) понекогаш в) не

**34. Доколку одржува, какви обуки одржува? Наведете**

____________________________________

**35. Дали има посебни обуки за жени за јакнење на нивните капацитети?**

А) да   б) не   в) друго наведете ____________________________________

**36. Дали вам ви се потребни обуки за подобрување на капацитетите, знаењето?**

А) да   б) не

**37. Доколку ви се потребни, наведете какви**

___________________________________________________________________________

**38. Дали сте имале можост да стапите во контакт со земјоделски задруги и жени членки на зз од европските земји?**

А) да   б) не

**39. Дали ви е потребно размена на искуство, идеи, студиски посети во поразвиените европски земји?**

___________________________

**40. Дали знаете што е родова еднаквост?**

а) да   б) запознаена сум делумно   в) не знам

**41. Дали сметате дека во задругата во која членуватае има родова еднаквост?**

А) да   б) до извесен степен   в) не   г) не знам

**42. Како според вас би можела да се подобри и зголеми нивото на еднаквоста помеѓу членовите**?

___________________________________________________________________________

**Четврт дел- информираност за програми за поддршка**

**43. Дали користите интернет?**

А) да   б) не   в) понекогаш

**44. Дали сте запознаени со програмите за поддршка (националните и европските) и Како ги добивате информациите (по интернет, јавни гласила тв, средби со други земјоделци)**

А) да   б) делумно   в) не

___________________________

**45. Дали субвенциите за земјоделските задруги според вас се доволни или се потребни дополнителни субвенции ?**

___________________________

**46. Какви програми за поддршка според вас им требаат на задруги за да бидат поефикасни?**

___________________________

**47. Какви дополнителни бенефиции и субвенции им требаат на жените во задругите за да бидат и тие поефикасни?**

___________________________

**48. Дали сте запознаени со мерката 131 од програмата за финансиска поддршка на руралниот развој?**

___________________________

**49. Ако сте запознаени со мерката 131 дали сметате дека треба некое надополнување , измена?**

___________________________